15-72/1
21.01.2025
Скопје

СКМ - ПР - РУ -16/1

# ПОКАНА

**Еднодневна бесплатна обука на тема**

**БИЗНИС ИНТЕГРИТЕТ**

**6 февруари 2025 година, х. Холидеј Ин – Скопје,**

**09:00 - 16:00 часот**

Почитувани,

Стопанската комора на Северна Македонија ве поканува да се пријавите на обука на тема **„Бизнис интегритет“**, која е дел од проектот „Граѓаните против корупцијата“, финансиски поддржан од Американската агенција за меѓународен развој во Република Северна Македонија - УСАИД. Обуката има за цел да ги зајакне капацитетите на компаниите во областа на интегритетот, транспарентноста и етичкото работење, преку практични примери и алатки кои ќе помогнат да се подигне нивото на отчетност во вашето работење.

**Зошто е ова важно за вас?**

Обуките за бизнис интегритет носат значителна корист за компаниите, бидејќи интегритетот не е само прашање на етичко однесување, туку и на конкурентност на пазарот. Компаниите кои применуваат принципи на интегритет и транспарентност не само што го зајакнуваат своето внатрешно работење, туку и ја зголемуваат својата доверба кај клиентите, партнерите и инвеститорите. Воспоставувањето висок степен на деловен интегритет е од витално значење за целиот ланец на компании со кои соработувате, што придонесува за долгорочен успех и одржливост на вашето работење.

**Обуката ќе се одржи во Скопје, во хотел Холидеј Ин, на 6 февруари 2025 година.** Ќе бидат опфатени следните теми:

- **Вовед во бизнис интегритет:** Што е интегритет и кои се придобивките за компаниите.
- **Како интегритетот влијае врз компании надвор од ЕУ**.
- **Меѓународна и ЕУ регулатива:** Преглед на регулативи од ОН, ОЕЦД, САД, ЕУ и стандардот ИСО 37001.
- **Основни елементи на систем за интегритет:** Како да се постави систем за интегритет во компанијата.
- **Практични примери:** Примена на принципите на интегритет во реални ситуации.
- **Мерки за подигање на свесноста:** Како да ја зголемите свесноста за интегритет кај вработените и партнерите.

**За кого е наменета обуката**

Обуката првенствено е наменета за лица кои работат на усогласеност со прописи, управување со човечки ресурси и со правни работи, како и за сите оние кои сакаат да ги унапредат своите знаења и вештини во областа на деловниот интегритет.

**Предавачи**

**Јованка Кенкова Пјевац** е офицер за усогласеност во Македонски Телеком АД Скопје со повеќегодишно искуство во областа на бизнис интегритет, етика и усогласеност. Таа е одговорна за дефинирање на стратегиските насоки за усогласеност, управување со ризиците од неусогласеност и имплементација на системи за спречување измами. Јованка има значајно искуство во спроведување на истраги за неправилности, развој на антикорупциски програми и учество во меѓународни проекти за зголемување на транспарентноста и одговорноста.

**Елена Тримчевска Лапе** е корпоративен офицер за усогласеност во Алкалоид АД Скопје со повеќе од 20 години работно искуство во правната и корпоративната област. Таа е одговорна за имплементацијата на системот за усогласеност во групацијата Алкалоид и има значајна улога во обезбедување обуки за етичко однесување и спречување на корупција. Елена има долгогодишно искуство во управување со правни проекти, ревизии и истраги, како и во креирање на стратегиски документи за усогласеност и етика.

**Како да се пријавите?**

**Пријавувањето за обуката е со доставена пријава од вас на електронските адреси кои се наведени како контакт лица од Стопанската комора, најдоцна до 5 февруари (среда) 2025 година.** Бројот на учесници е ограничен, па затоа ве охрабруваме да се пријавите што поскоро.

Работен јазик: македонски јазик.

За сите учесници на обуката ќе биде обезбедено:

- работни материјали во електронска верзија;
- ручек и освежување
- сертификат за учество на обуката.

**Контакт лица за дополнителни информации и пријавување:**

Валентина Цветковска

**Телефон:** + 389 2 3244063
**Е-пошта:** valentina@mchamber.mk